**Општина Охрид**

**Сектор за туризам и локален економски развој**

**Одделение за ЛЕР**

# Г1 ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА

Ѓоко Апостолов
Раководител на Сектор за ТЛЕР

# ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА

## Вовед

Општините со Законот за локална самоуправа од 2002 година, имаат надлежност и улога да го водат и спроведуваат планирањето на локалниот економски развој, покрај приватниот сектор како главен двигател на локалниот економски развој.

Програмата за локален економски развој претставува дефиниран збир на проекти кои се планира да се реализираат во текот на 2021 година, и кон кои воглавно ќе бидат насочени активностите на Одделението за локален економски развој при Секторот за ТЛЕР. Реализацијата на оваа Програма ќе обезбеди континуиран одржлив развој на општината кој треба да го подобри нивото на услугите и животниот стандард на жителите на општина Охрид.

Воедно, програмата опфаќа и сет мерки за справување со Пандемијата оп Ковид-19, со цел ублажување на кризата во најпогодените сегменти на стопанството. Преку овие мерки се очекува да се допринесе во задржување на конкурентноста и работните места во одредени стопански гранки, кои како најпогодени од пандемијата се соочуваат со опасност од нивно трајно згаснување.

Програмата за развој воглавно е ориентирана кон зголемување на буџетските приходи од донации, од меѓународни агенции и фондации, како и кон ефикасно искористување на претпристапните фондови од ИПА Програмата и очекуваните кохезиони фондови.

Програмата и програмските активности се усогласени со низа значајни национални и регионални и европски стратешки документи. При изработката на програмските активности исто така секогаш се земаат во предвид и препораките и насоките од УНЕСКО кои за Охрид како заштитено подрачје се од особено значење.

Исто така активностите на Општина Охрид во областа на локалниот економски развој е фокусирана на заложбите за привлекување на инвестиции, уредување на постојните и изградба на нови индустриски зони како и активна поддршка на потенцијалните инвеститори кои бараат асистенција при одлуката за инвестирање.

Предвидените активности се во согласност со националната развојна политика за претприемништво, Националната стратегија за развој на МСП и други стратешки развојни документи.

**Генерална цел на Програмата:**

- Континуиран развој на капацитетите на општината за привлекување инвестиции, зголемување на вработувањата преку развој и реализација на проекти, и промоција на општината како и подпомагање на МСП, занаетчиите, руралните заедници и НВО во Охрид.
- Активна имплементација на добиени и аплицирање на нови проекти од домашни и меѓународни фондови.
- Следење и имплементација на стратегиите за развој на Општина Охрид.

**Специфични цели на Програмата:**

- Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата и зголемување на конкурентноста на претпријатијата,
- Зајакнување на локалниот економски развој преку подобрување на услугите на локалната самоуправа,
- Одржлив локален развој и рационална употреба на ресурси,
- Подготовка на проекти и проектно управување.

Целни групи на програмата се сите граѓани на Охрид, Бизнис заедница, Домашни и странски инвеститори, невработени лица, НВО, туристи, ученици, културни институции и др.

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата предвидува приходна ставка од:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Буџетот на Општина Охрид | **5.700.000,00 ден** |
| 2 | Приходи по други основи - донации | **5.200.000,00 ден** |
| | Вкупно | **10.900.000,00 ден** |

**ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021 ГОДИНА**

Општина Охрид преку Секторот за локален економски развој и Одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, ја базира програмата за подршка на локалниот економски развој за буџетската 2021 година.

# 1. ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

## 1.1. Финализирање на Стратегијата за рурален развој 2021-2025

Општина Охрид преку Секторот за туризам и локален економски развој ја изработи Стратегија за рурален развој на општина Охрид 2021-2025. Со цел да се обезбедат веродостојни и корисни резултати, а воедно и за да се изготват квалитетни решенија и предлози, за потребите на овој стратешки документ се применуваа стандардни методологии и процедури кои се општо прифатени во меѓународната практика за планирање и изготвување на стратешки документи од ваков тип. За изработка на Стратегијата за рурален развој 2021-2025 на Општина Охрид, беа применети методолошки алатки кои во основа го користат принципот на вклучување на сите релевантни засегнати страни при анализирањето на потенцијалите и ресурсите од Охридскиот регион за рурален развој со цел идентификување и утврдување на стратешките цели и приоритети во 6 тематски области и тоа:

1. Инфраструктура,
2. Туризам и локален економски развој,
3. Урбанизам и животна средина,
4. Земјоделство и сточарство,
5. Образование и здравство,
6. Спорт и култура.

Стратегијата за рурален развој 2021-2025 година на општина Охрид претставува рамка за поттикнување на развојот на руралните области во општина Охрид и ќе даде свој придонес за севкупно подобрување на квалитетот на живеење на населението во овие области.

Основните цели на оваа Стратегија за рурален развој ќе бидат:

- Идентификување на концептот, насоките и приоритетите за рурален развој;
- Намалување на разликите во степенот на развојот на урбаниот и руралниот дел на општина охрид, поттикнување на претприемништво, искористување на можностите за аплицирање проекти за рурален развој, економски иницијативи за одржлив развој, како и создавање услови за креирање на приходи (основни или дополнителни) за локалното население од руралните делови на општина охрид и
- Поставување рамка за поттикнување на руралниот развој и посебно руралниот туризам како дел од севкупната туристичка понуда на општина охрид.

Согласно законските норми, за да се финализира оваа Стратегија, треба да биде изработен уште документот СОВЖ (Стратешка Оцена за Влијание врз Животната Средина), по што ќе биде дадена на јавен увид.

**Предвиден буџет 0,00 ден**

## 1.2. Мерка за подобрување на компјутерската писменост - бесплатна едукација (обука) за компјутерска дактилографија

Во време на глобална дигитализација, компјутерската писменост се смета за задолжителна во сите сфери на животот. Ковид-19 пандемијата дополнително придонесе се повеќе услуги и активности да се вршат дигитално. Компјутерската дактилографија, која претставува почетна фаза во комјутерската едукација, може повеќекратно да ја зголеми ефикасноста во образованието, секое канцелариско работење, работењето од дома и сл., што значи побрзо одвивање на сите деловни процеси. Општина Охрид има за цел генерално да ја подобри компјутерската писменост кај граѓаните почнувајќи со бесплатни онлајн курсеви за компјутерска дактилографија - десетпрсно пишување на компјутер, без гледање, со македонска подршка, преку набавка /земање лиценца / на адекватен софтвер. Софтверот треба да ги задоволува сите критериуми за самостојно совладување на таа техника и наменет за секој што сака да ги подобри своите компјутерски вештини. Кога условите со пандемијата видливо ќе се подобрат, курсевите може да се изведуваат и со физичко присуство во соработка со соодветни институции.

**Предвиден буџет 500.000,00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 1: 500.000,00 ден**

## 2. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Со реализација на овие активности ќе се овозможи подобар пристап до услугите на Локалната Самоуправа преку дигитализација и надградба на процесот на давање услуги до крајните корисници.

### 2.1. Учество во проект за Дигитализација на општините

Фондот за иновации и технолошки развој и УНДП реализираа јавен повик за дигитализација на општините – пилот, чија цел е полесен пристап и поквалитетни услуги на локално ниво преку развој на дигитални алатки и решенија.

Е-платформата се планира да ги опфати алатки за воспоставување на електронски систем за наплата на давачките кон општината; воспоставување на систем за електронско плаќање на сметки кон јавните претпријатија; електронски систем на волонтери и онлајн платформа за општински форум. Платформата ќе биде изработена со јасни и разбирливи инструкции за користење, со цел да биде искористено од страна на различни категории на граѓани од различни возрасни структури.

Дополнително, платформата е така креирана, што нејзината инфраструктура ќе биде столб на идната потполна дигитализација на општинските услуги преку нејзино лесно и економично збогатување со нови сервиси за граѓаните и правни лица, униформност и стандардизација на работењето на општинските службеници, рационализација на трошоците и други предности.

Општина Охрид ќе побара да се вклучи во овој проект на ФИТР за дигитализација на општините се со цел да го олесни прстапот на граѓаните кон услугите и да го подбри квалитетот на услугите. Во ова време дигитализацијата на услугите и безготовинските плаќања се многу значајни и потребни како за граѓаните така и за општините.

**Предвиден буџет 0,00 ден**

### 2.2. Воведување на Business Friendly Certification South East Europe (BFC SEE)

Целта на овој проект е имплементација на Стандард за систем за управување со квалитет согласно меѓународните барања, а која ќе воведе нови стандарди во начинот на работа и во пристапот кон граѓаните и бизнис заедницата. Одговорна општинска администрација подразбира систем на организација на работни задачи, одговорности и систем на контрола, која беспрекорно ќе ја реализира улогата на сервис на граѓаните.

BFC SEE е најупотребуваниот стандард за менаџирање на квалитетот и е создаден околку седум принципи на менаџирање на квалитетот и тоа:
- Фокус кон корисниците
- Лидерство
- Вклученост на луѓето
- Подобрување
- Приод кон процеси
- Управување со врски

Business Friendly Certification South East Europe (BFC SEE) претставува единствена програма за подобрување на квалитетот на услугите и информациите кои општините од регионот на Југоисточна Европа им го нудат на компаниите, во рамките на која сертификати се доделуваат на општини од Македонија, Хрватска, Србија, Црна Гора и од Босна и Херцеговина.

Овој сертификат претставува потврда за инвеститорите и за стопанствениците дека општините нудат ефикасна и ефективна услуга, односно целосна, навремена, комплетна информација и

поддршка за разработување на нивните потреби за вложување, како и поддршка при натамошното развивање на нивниот бизнис.

Програмата за сертификација претставува единствена иницијатива во регионот на Југоисточна Европа, која влијае на креирање на побрза и поефикасна администрација, која треба да ги отстрани пречките за забрзаниот развој на стопанството, да овозможи подобри резултати во привлекувањето на домашни и на странски инвестиции и воведување на нови технологии, креирање на нови работни места и модернизација на општеството.

Имплементацијата на BFC стандардите ке се реализира со средства од општинскиот буџет.

Добивањето на сертификатот е процес кој трае околу 1 година, додека трајноста на сертификатот е 3 години.

**Предвиден буџет 300.000,00 ден**

### 2.3. Овозможување онлајн пристап до информации за сите стопански субјекти на територија на општина Охрид

За сите чинители на стопанскиот живот во општина Охрид, од страна на стручните служби на Локалната самоуправа ќе биде изготвена посебна WEB страна, која ќе ги содржи основните податоци за нив сортирани по дејности т.е. еден целосен преглед на: фирми, занаетчии, ресторани и други, со што би се задоволиле потребите на граѓаните и на самите субјекти од еден таков вид на информации. Дополнително ако се додатат и информациите за Охрид како туристичка дестинација, во потполност би се задоволиле потребите и на туристите. Во основа, на овој начин, Локалната самоуправа нуди бесплатно рекламирање на сите регистрирани субјекти и реклама за Охрид во целост, со што значително ќе се придонесе во зајакнување на туризмот и ЛЕР.

**Предвиден буџет 0,00 ден**

### 2.4. Субвенционирање на општински линиски превоз

Со оглед на моменталната состојба со пандемијата на Ковид 19 и нејзиното влијание врз општествените и економски состојби во државата, ограничувањата на движење и другите рестриктивни мерки, посебно погодена економсмка гранка е траснпортот на патници. Намалениот обем на патници и линии во голема мерка влијае врз рентабилноста и економската оправданост на компаниите кои работаат во оваа дејност. Поради тоа, а со цел да не предизвика намален капацитет и услуга на превозниците, а со тоа директно оневозможување на граѓаните да ги користат овие услуги (согласно протоколите за работа во време на пандемија), предвидено е субвенционирање на општинскиот линиски превоз. Начинот и критериумите со кои ќе биде имплементирана оваа мерка ќе бидат наведени во Правилникот за субвенционирање, кој ќе треба да биде одобрен од Советот на општината, по што ќе биде распишан и јавниот повик за субвенционирање

**Предвиден буџет 3.000.000,00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 2: 3.300.000,00 ден**

# 3. ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ

## 3.1. Субвенционирање на набавка на велосипед

Со цел да го стимулира користењето на велосипеди, како начин за намалување на загадувањето и воведување на начин на здраво живеење, општина Охрид, на граѓаните кои ќе купат нов велосипед ќе им субвенционира дел од трошоците во износ од 50 % од вредноста на велосипедот, но не повеќе од **6.000,00** денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

Оваа активност ќе се реализира преку објава на јавен повик кој пак ќе биде реализиран по принципот „прв дојден, прв услужен", се до исцрпување на средствата планирани во буџетот на општина Охрид за оваа намена.

Право на користење на субвенцијата ќе имаат сите жители на општина Охрид кои ќе ги исполнат условите од Правилникот и Јавниот повик.

**Предвиден буџет 1.000.000,00 ден**

## 3.2. Субвенционирање на занаетчии

Оваа мерка предвидува директна помош до најпогодената категорија на занаетчии од пандемијата на Ковид – 19, со цел задржување на работните места и зачувување на овие занаети од изумирање. Со оглед на тоа дека приходите на овие категории занаетчии во голем дел зависат од туризмот и посетителите на градот (во период во кој овие туристички посети се сведени на миниму), постои опасност од нивно целосно изумирање. Со оваа мерка се предвидува еднократна парична помош, која ќе биде доделена преку посебен правилник во кој ќе бидат дефинирани условите.

**Предвиден буџет 400.000,00 ден**

## 3.3. Тековни активности на мобилната канцеларија за поддршка на земјоделството во рамките на локалната самоуправа

Со оваа активност е предвидено обезбедување на неопходни информации за земјоделците, кои ќе им овозможат зголемување на продуктивноста, намалување на трошоците за производство, зголемување на конкурентноста и искористување на можностите за финансирање во рамките на земјоделството од домашни и меѓународни извори, како и навремено препознавање и соочување со потенцијалните ризици и предизвици за производство и за пласман на производи од сферата на земјоделството. Воедно, преку работењето на оваа канцеларија се овозможува издавање на потврди за користење на средствата од ИПАРД програмата.

**Предвиден буџет 0 ден**

**Вкупно планиран буџет за 3: 1.400.000,00 ден**

## 4. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

Една од круцијалните активности на Одделението за локален економски развој, претставува подготовка, аплицирање и имплементација на проекти во најразлични области, финансирани од домашни и меѓународни донатори, програми, фондации, амбасади и сл. Процесот на имплементација на проектите претставува сложена активност која бара прецизно планирање и реализација како на проектните активности, така и на предвидениот проектен буџет.

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот, покрај обезбедената донација предвидена во проектот, како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Секој донатор определува посебни услови кои локалната самоуправа треба да ги обезбеди како составен дел.

### 4.1. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Во оваа програмска активност е предвидено сопствено учество во општински, регионални, национални и меѓународни проекти. Од позначајните планирано е партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, како и зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проекти,** како и партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот плански регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој и проектите со средства од Агенцијата за рурален развој и други агенции.

**Превиден буџет 500.000,00 ден**

### 4.2. Средства од аплицирани и одобрени проекти

Во оваа програмска ставка се предвидени реализација на активности кои се во рамки на севкупниот локален економски развој, а претставуваат активности кои ќе се реализираат во рамки на проекти финансирани од домашни и меѓународни донатори.

Во рамки на ИПА програмата аплициран и одобрен е проектот „ Меѓугранична соработка и интегрирани здравствени и социјални услуги за стари лица и деца и нивна рана превенција “ акроним *„CROSS4ALL”*. Проектот е аплициран и одобрен во партнерство со водечки партнер - Лабораторија на медицинска информатика на Универзитетот „Аристотелис“ во Солун и партнери: Општина Неаполис, Грчка национална конфедерација на лица со попреченост, Факултет за информатички и комуникациски технологии „ Св.Климент Охридски “- Битола, Општина Охрид и Кардиолошкиот Центар „Св.Стефан“ – Охрид, поднесен на Првиот повик за проектни предлози од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2014-2020, во Приоритетна оска: Промовирање на социјална и културна инклузија преку границите, Специфична цел на проектот е подобрување на здравствената заштита и социјалните услуги на децата и старите.

Вкупен буџет на проектот е 1.130.290,00 евра од кои за Охрид се предвидени 142.810,00 евра буџет за реализација на проектни активности.

Проектот предвидува подобрување и олеснување на пристапот до здравствени услуги на ранливите категории на лица преку воведување на пилот – програма и е во завршна фаза.

**Превиден буџет 5.200.000,00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 4: 5.700.000,00** ден

**ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2021: 10.900.000,00** ден

**РЕКАПИТУЛАР**

ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021

| Г1 ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2021 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | | **Активност** | **Средства од буџет** | **Средства од донации** | **ВКУПНО** |
| **1** | **ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА** | | | | |
| | 1.1. | Финализирање на Стратегијата за рурален развој 2021-2025 | / | / | / |
| | 1.2 | Мерка за подобрување на компјутерската писменост - бесплатна едукација (обука) за компјутерска дактилографија | 500.000,00 | | 500.000,00 |
| | | **Вкупно 1** | **500.000,00** | **/** | **500.000,00** |
| **2** | **ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА** | | | | |
| | 2.1. | Учество во проект за Дигитализација на општините | / | / | / |
| | 2.2. | Воведување на Business Friendly Certification South East Europe (BFC SEE) | 300.000,00 | / | 300.000,00 |
| | 2.3. | Овозможување онлајн пристап до информации за сите стопански субјекти на територија на општина Охрид | / | / | / |
| | 2.4. | Субвенционирање на општински линиски превоз | 3.000.000,00 | | 3.000.000,00 |
| | | **Вкупно 2** | **3.300.000,00** | **/** | **3.300.000,00** |
| **3** | **ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ** | | | | |
| | 3.1. | Субвенционирање на набавка на велосипед | 1.000.000,00 | / | 1.000.000,00 |
| | 3.2. | Субвенционирање на занаетчии | 400.000,00 | / | 400.000,00 |
| | 3.3. | Тековни активности на мобилната канцеларија за поддршка на земјоделството во рамките на локалната самоуправа | / | / | / |
| | | **Вкупно 3** | **1.400.000,00** | **/** | **1.400.000,00** |
| **4** | **ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ** | | | | |
| | 4.1. | Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти | 500.000,00 | / | 500.000,00 |
| | 4.2. | Средства од аплицирани и одобрени проекти | / | 5.200.000,00 | 5.200.000,00 |
| | | **Вкупно 4** | **500.000,00** | **5.200.000,00** | **5.700.000,00** |
| | | **ВКУПНО** | **5.700.000,00** | **5.200.000,00** | **10.900.000,00** |